
ОПШТИНА
ПРИЛЕП
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ПРИЛЕП



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани прилепчани,

Дојде моментот да се обединиме околу заедничка визија за иднината на нашиот Прилеп –град на традиција, топлина и огромен потенцијал. Како кандидат за градоначалник, ве повикувам заедно да го создадеме Прилеп во кој секој граѓанин ќе се чувствува горд, сигурен и исполнет.

Јас сум роден и израснат во Прилеп. Тука го поминав целиот свој живот, вдишувајќи ја душата на овој град, неговите маала, села и луѓе. Ги познавам вашите радости, грижи и аспирации. Мое е ветувањето дека ќе работам со целото срце за да го направиме Прилеп место каде секој ќе има можност за достоен живот.

Мојата визија е едноставна, но амбициозна: Прилеп да стане модерен, уреден и динамичен град, кој ги почитува своите корени, а истовремено храбро чекори кон иднината.

Мојот фокус ќе биде на создавање град кој е пристоен за живеење, функционален и привлечен за сите генерации. Ќе работам на подобрување на инфраструктурата, уредување на јавните површини и обезбедување услови за квалитетен живот во секое маало и населено место. Посветен сум на тоа да го направиме Прилеп чист, уреден, со зголемени зелени површини и безбеден, каде младите ќе имаат простор за раст, а постарите – достоинствен живот.

Како градоначалник, ветувам отворен дијалог со вас. Ќе бидам достапен за секој ваш предлог, идеја или проблем. Заедно ќе ги обликуваме решенијата што ќе донесат вистински промени.

Мојата врата секогаш ќе биде отворена за вас, а вашиот глас – слушнат.

На 19 октомври ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба. Со поддршка на ВМРО-ДПМНЕ и во соработка со централната власт, ќе продолжиме да носиме инвестиции и проекти што ќе го издигнат Прилеп на ниво кое го заслужува.

Направете го вистинскиот избор за твоето место и твојата иднина – заедно за Прилеп !

Со длабока почит,
Дејан Продановски
Кандидат за градоначалник на
Општина Прилеп

# ОБРАЌАЊЕ НА НОСИТЕЛ НА СОВЕТНИЧКА ЛИСТА Д-р БИЛЈАНА КРЖЕСКА

Драги сограѓани,

Прилеп го градиме заедно – секој од вас е дел од нашата заедничка иднина. Како носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, ветувам дека ќе служам чесно, одговорно и со отворени врати. Вашата доверба ќе ја оправдам со транспарентност и отчетност во секоја одлука. Советот ќе биде гласот на сите граѓани!

Нашата цел е јасна: младите да останат во Прилеп, постарите да живеат достоинствено, а секое семејство да почувствува ред, стабилност и перспектива. Не ветуваме чуда, туку напорна работа, посветеност и грижа за секој човек.

Одлуката да ја прифатам поканата да бидам носител на листата беше една од најлесните во мојот живот. Дојде од партија која ги застапува традиционалните вредности, семејството, интегритетот на личноста и македонскиот национален идентитет. Лесна беше затоа што пристигна од кандидатот за градоначалник, Дејан Проданоски, чијашто одмереност, политичка умешност и ентузијазам поттикнуваат на максимален ангажман и посветеност.

За мене, да се биде носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ значи да го продолжиме она што ни е оставено како завет: чесност, труд, транспарентност и љубов за Прилеп. Заедно ќе изградиме град на доверба, перспектива и гордост за сите нас!

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. **д-р Билјана Кржеска**
   доктор специјалист по гинекологија и акушерство.
2. **Златко Рикалоски**
   дипломиран електро-инженер.
3. **д-р Димитар Иваноски**
   хирург специјалист по Абдоминална хирургија.
4. **Билјана Петкоска**
   дипломиран професор по предучилишно образование.
5. **Михајло Божиноски**
   студент на економски факултет, меѓународен бизнис.
6. **Христијан Тунески**
   дипломиран професор по македонски јазик и книжевност.
7. **Игор Николоски**
   професор по пијано.
8. **Наташа Мрческа**
   дипломиран инженер по фармерско производство и биотехнички науки.
9. **Ице Дамчески**
   угостителски техничар.
10. **Елеонора Костоска -Јованоска**
    дипломиран професор по предучилишно образование.
11. **Владо Чакароски**
    дипломиран професор по географија, во пензија.
12. **Билјана Ристеска**
    дипломиран економист.
13. **Дарко Андреески**
    дипломиран правник.
14. **Александар Милески**
    магистер по правни науки и правосуден испит.
15. **Алмир Сулејманоски**
    верски службеник.
16. **Кети Јанчески**
    дипломирана по јавна администрација, политички науки.
17. **Елена Крстеска**
    дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор.
18. **Мејди Садикоски**
    дипломиран менаџер.
19. **Александра Ангелеска -Петреска**
    професор по македонски јазик.
20. **Александар Цветаноски**
    апсолвент на Економски факултет.
21. **Марија Ангелкоска**
    дипломиран физиотерапевт специјализиран за традиционална кинеска медицина.
22. **Методија Велкоски**
    дипломиран педагог.
23. **Наташа Блашкоска**
    професор по одделенска настава.
24. **Александар Магдески**
    магистер на економски науки од областа на сметководство, финансии и ревизија.
25. **Димитар Петрески**
    техничар нутриционист.
26. **Марија Петроска**
    дипломиран социјален и рехабилитациски педагог.
27. **Марко Милошески**
    студент по Општа медицина.



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## 1. Чистење и партерно уредување на Градската Река во Прилеп по целата должина.

- Се предвидува уредување на речното корито, изградба на кејски ѕидови, изградба на пешачки патеки и поставување на урбана опрема во должина од 4.5 км.
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 2. Заокружување на градот со обиколници: Обиколница „Исток“ и обиколница „Запад“.

- Со овој проект ќе се постигни растеретуввање на патната инфраструктура во градското подрачје, а воедно и ќе се обезбеди побрз транзит на товарните возила. Обиколница „Исток“ е со должина од околу 2 км додека обиколница „Запад“ е со должина од 4.5 км.
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 3. Реконструкција на улица „Александар Македонски“ – потег: крстосница „Чумовчани“ – Ново Лагово. Доградба на постојниот профил на улицата, изградба на тротоари и велосипедски патеки.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 4. Изградба на нова детска градинка во УЗ „Рид“, преку модерно урбанистичко решение. Градинката ќе се гради на површина од 2000 м2.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 5. Реализација на проектот „Градина“. Изградба на комплетна инфраструктура за модерна населба.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 6. Маркови Кули – илуминација во соработка со надлежна институција Институт за старословенска култура - Прилеп.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 7. Реконструкција и рехабилитација на Работнички универзитет со отворање/изградба на конгресен центар.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, јавно– приватно партнерство.

## 8. Изградба на трговски центар заедно со забавен парк (Металец).

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 9. Прилеп – „зелен град“: Изградба на 2 нови паркови

- од кои еден со површина од 14000 м2 во населба „Градина“, вториот со површина 30000 м2 во близина на с. Волково кој ќе претставува излетнички центар со разни реквизити; Реконструкција и дополнително зазеленување на сите постоечки парковски површини.
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 10. Прилеп – Safe City и Smart City.

- Прилеп воведува напреден видео надзор на стратешки локации за зголемена безбедност, намалување на криминалот и борба против дивите депонии, создавајќи безбедна и паметна урбана средина.
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Регионална инфраструктурна поврзаност

- **Рехабилитација со проширување на магистрален пат А1: Прилеп – Градско, делница од спој со пат за с. Беловодица до мост до каменолом Маврово.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Рехабилитација на регионален пат Прилеп–Кривогаштани.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.

## Урбана инфраструктура

- **Реконструкција на улица „Александар Македонски“ (крстосница „Чумовчани“ до Ново Лагово).**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Реконструкција и проширување на локален пат с. Тополчани - с. Тројкрсти - с. Чепигово.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Реконструкција и проширување на локален пат с. Тополчани - с. Канатларци.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општина, централна власт.
- **Изградба на Обиколница „Запад“ со должина од 4.5 км.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Изградба на Обиколница „Исток“.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.

- **Реконструкција и проширување на локален пат помеѓу населените места Мало Коњари и Кадино Село.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Изградба на водоснабдителен систем во населеното место Лениште.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Проектирање и изградба на канализациони системи во руралните населби.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Реконструкција на главен појасен цевовод за водоснабдување „Индустриска зона“ и комплексот на Манастир „Св. Димитрија“ во село Селце.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Промена на водоводна мрежа од јазол на булевар „Гоце Делчев“ со улица „Кузман Јосифоски“ (бр.1-55) до јазол на улица „Кузман Јосифоски“ со улица „Ленин“ (бр.1-72).**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Реконструкција на стари градски извори Лековски Извори.**
  - **Извор на финасирање:** Европска инвестициона банка преку МЖСПП.
- **Реконструкција на канализациона и водоводна мрежа во населба „Сточен Пазар“.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Изградба на мост на улица „Победа“.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Партерно уредување на плоштад „Методија Андонов – Ченто“.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Реконструкција на улица „Орде Чопела“.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.

- **Изградба на кружен-тек на улица „Димо Наредникот" и улица „Александар Македонски".**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Изградба на улици во индустриска зона „Металец".**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Партерно уредување на „Градска Река".**
  - **Извор на финасирање:** централна власт.
- **Изградба на улици во населба „Градина".**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Реконструкција на локален пат помеѓу населените места Беловодица и Дрен.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Партерно уредување на градски гробишта и асфалтирање на обиколната улица.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Партерно уредување на старите градски гробишта.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Изградба на локален пат с. Бешиште – с. Полчиште.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Изградба на локален пат с. Ореовец – с. Крстец.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Изградба на локален пат с. Бонче – с. Старо Бонче - с. Подмол.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Рехабилитација на улици во градско подрачје во должина од 10 700 метри.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

- **Рехабилитација на улици во руралните населби во должина од 8000 метри.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Изградба на пешачки мостови над Градска Река, Дабнички канал, Ореовечка Река.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Комплетно уредување на Дабнички канал, санација на речно корито и партерно уредување на кејот.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Изградба на адреналински парк (Старо Лагово во склоп на крос-патеката, картинг-патека, скејт-парк).**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.



# ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

- **Изработка на сообраќајна студија за конечно решавање на сообраќајните проблеми во градот.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, донации и европски фондови.
- **Изградба на нова челична покривна конструкција на градски пазар со површина од 5000 м2 и поставување на фотонапонски панели.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, донации, европски фондови.
- **Реконструкција на плоштадот и инфраструктурата на старата чаршија.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Реконструкција на градски базен.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Поставување на јавни тоалети на повеќе локации.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Обезбедување на простор за нови паркиралишта за решавање на проблемот со паркинг-местата.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, јавно-приватно партнерство.
- **Изработка на нов Генерален урбанистички план.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, донации.
- **Изработка на Детални урбанистички планови на делови од градот каде истите се застарени и нема можност за нивна реализација, дозавршување на урбанистички планови за населените места.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, правни и физички лица.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Локалниот економски развој ќе претставува главниот фокус на новата локална власт. Сите економски политики, сите економски мерки ќе бидат насочени кон креирање на поволна бизнис-клима во која домашните бизниси, но и странските инвеститори ќе најдат поволни услови за раст и развој на нивните бизниси. Новите инвестиции значат нови работни места, нови вработувања, повисоки плати, повисок животен стандард и подобра благосостојба за жителите во Општина Прилеп, а со тоа и запирање на миграцијата на младите. Тоа значи економски и вкупен општествен развој на Општина Прилеп, економски силна и просперитетна Општина Прилеп.

## 1. Донесување на Стратешки план за развој на Општина Прилеп Овој стратешки документ ќе се донесе во соработка со граѓаните, а особено со бизнис-секторот:

- Дефинирање на ресурсите (природни и инфраструктура);
- Утврдување на економскиот потенцијал со кој располага Прилеп;
- Утврдување на главните правци за развој на Општина Прилеп во поглед на најважните економски сектори кои ќе се развиваат, потребната инфраструктура што ќе се гради, потребните кадри што ќе се образуваат, како и местото и улогата на сите фактори кои учествуваат во економскиот развој на Општина Прилеп.

Овој стратешки план ќе претставува визија за Прилеп во иднина.

## 2. Поддршка на иновации и претприемништво.

- Формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи;
- Креирање на научно-образовен локален центар.

Општина Прилеп - партнер на бизнисот. Со воспоставување на блиско партнерство со бизнис-секторот, локалната власт ќе создава услови за зголемување на инвестициите кои ќе значат нови работни места и подобар животен стандард на жителите во Општина Прилеп. Партнерството ќе се реализира преку блиска соработка со бизнис-секторот во насока на надминување на сите постоечки административни, нормативни и други видови видливи и невидливи пречки за раст и развој на бизнисот, како и позитивен однос кон останатите потреби на бизнис-секторот, што се во насока на стимулирање на неговата инвестициона активност.

## 3. Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП

- Изработка на нов генерален урбанистички план и изработка на детални урбанистички планови согласно потребите на бизнис-секторот со цел овозможување изградба на индустриски капацитети, кои ќе значат отворање на нови работни места.
- Инфраструктурно уредување на Индустриска зона „Прилеп 4" и „Прилеп 5". Со инфраструктурното уредување на овие индустриски зони ќе се овозможи изградба на нови капацитети, отворање на нови работни места и повисок економски развој.
- Продажба на градежно неизградено земјиште.
- Формирање на енергетски индустриски зони со цел овозможување на приватни инвестиции за поставување на соларни паркови.

## 4. Развоен буџет - еден од најважните инструменти на Општината со големо влијание врз економскиот раст и развој на економијата со кој се поттикнува инвестиционата активност на бизнис-секторот во Општина Прилеп.

- Реструктуирање на расходите од буџетот на Општина Прилеп со цел намалување или целосно кратење на несуштинските и непотребните расходи од една страна и зголемување на капиталните расходи, од друга страна. Главен акцент на општинските буџети во наредните години ќе биде ставен на расходите за создавање нови објекти и ревитализација на постоечките објекти. Ќе се проектираат и изведуваат нови локални патишта и улици, капацитети за водоснабдување, енергетски капацитети, капацитети за згрижување деца во предучилишна возраст, но и ќе се ревитализираат постоечките локални патишта и улици, училишта, културни и спортски објекти, како и останати инфраструктурни објекти на територијата на Општина Прилеп.

## 5. Мерки за поддршка на млади лица:

- Обезбедување бесплатни проектни решенија за изградба на станбена куќа во населба „Градина" за три различни квадратури од 120 до 400 м2.
- Ослободување (целосно или делумно, за одреден временски период) од обврската за плаќање на комуналната такса за истакнување на фирма (фирмарина) за правни лица основани од страна на млади лица до 30-годишна возраст.

## 6. Функционална Општина со ефикасни и ефективни Јавни претпријатија

- Консолидирање и реорганизирање на локалната администрација со цел нејзино претворање во ефикасен сервис на граѓаните. Подобрување на ефикасноста на администрацијата преку нејзина професионализација и зголемена одговорност. Локалната администрација треба да биде во функција на брзо, навремено и ефикасно решавање на потребите на граѓаните, почнувајќи од издавање на соодветни потврди, дозволи и уверенија, па се до решавање на инфраструктурен проблем во Општина Прилеп.
- Консолидирање и реорганизирање на работењето на сите ЈКП. ЈКП е потребно да бидат во функција на брзо, навремено и ефикасно решавање на комуналните проблеми на граѓаните. ЈКП е потребно да обезбедат квалитетна вода, чист град и ефикасен транспорт.
- Финансиско и економско консолидирање на сите ЈП - стабилизирање на приходите, но и кратење на сите непотребни и непродуктивни трошоци. Приоритет ќе бидат инвестиции во набавка на нова опрема со која ќе се унапреди работењето на ЈП, но и ќе се намалат и трошоците за нивно тековно работење. Пример, потребно е ЈП Комуналец да се опреми со соодветна техничка опрема (мали возила-метларки) за чистење на плоштадите и пешачките зони, нови возила за подигање на ѓубрето и сл. ЈКП ВИК е потребно да вложува во соодветна опрема и механизација, како и во реконструкција на водоводната мрежа со што ќе се намалат загубите на вода.
- Формирање на ново ЈП чијашто надлежност ќе биде тековно одржување на улиците во општината, изведување на нови патишта и улици, зимско одржување на улиците и одржување на уличното осветлување. Постоењето на едно вакво ЈП претставува моќен инструмент на локалната самоуправа затоа што овозможува брзо и ефикасно изведување на реконструкциите на патиштата, изведбата на нови улици како и соодветно зимско одржување, без при тоа да има потреба од спроведување на сложени и скапи постапки за јавни набавки.
- Набавка на нови соодветни автобуси и минибуси за ЈП за ПУП со цел реализирање на бесплатниот превоз на учениците од средните училишта. Финансирањето на набавката може да се реализира преку буџетот на ЕЛС Прилеп или по пат на финансиски лизинг, или комбинација од двата извори.

## 7. Локална стратегија за промоција на странски инвестиции.

- Општина Прилеп тесно ќе соработува со централната власт во насока на креирање поволни економски услови, односно поволна бизнис-клима за привлекување на странски инвеститори. Проширување на постоечките индустриски зони или создавање на нови индустриски зони претставуваат една од мерките за таа цел.

## 8. Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси.

- Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе постоечки регистрирани занаетчии.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО СФЕРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

➤ **Реконструкција на фасадата на училиштето ООУ „Рампо Левката“ – Прилеп.**

- **Извор на финансирање:** централна власт.

➤ **Реконструкција на спортска сала: кров, надворешна столарија, осветлување во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Прилеп.**

- **Извор на финасирање:** централна власт.

➤ **Реконструкција на скалите во ходниците во ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп (проект од итен карактер).**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

➤ **Реконструкција на Студентски дом „Орде Чопела“ - Прилеп.**

- **Извор на финасирање:** централна власт.

➤ **Изградба на нова спортска сала во ООУ „Кочо Рацин“ - Прилеп.**

- **Извор на финасирање:** централна власт.

➤ **Изградба на нова спортска сала во едно од населените места.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

➤ **Адаптација на дел од основните училишта за едносменска настава.**

- **Извор на финасирање:** централна власт.

- **Набавка на нови музички инструменти и доопремување на училниците во ООМУ „Ордан Михајлоски - Оцка“ за унапредување на наставата.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Опремување на кабинет за туризам и угостителство во СОУ „Кузман Јосифоски - Питу“ – Прилеп.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Промена на кров над училишните лабаратории во СОУ „Орде Чопела“, спречување на оштетувања и овозможување безбедна работа во лабораториите.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Изградба и обнова на спортски повеќенаменски игралишта во основните и средните училишта.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, меѓународни фон-дови.

## Поддршка на учениците и наставниот кадар за поквалитетен воспитно-образовен процес.

- **Еднократна парична помош за талентирани ученици кои освоиле награди на државни и меѓународни натпревари.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Поддршка на наставниот кадар со континуирана едукација и стимулирање, парична награда за најдобрите наставници, во основните и средните училишта и на воспитувачите и негувателите од детските градинки во Општината.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

- **Доделување на еднократна парична помош за најдобрите 3 студенти, жители на Општина Прилеп, вреднување на постигнатите академски резултати.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

## ИНФРАСТРУКТУРЕН РАЗВОЈ И ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА

- **Оградување на дворовите од училиштата за поголема заштита и безбедност на учениците во основните и средните училишта во Општината.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

- **Реконструкција на тоалети, подобрување на хигиенските услови за учениците во основните и средните училишта.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

- **Реконструкција на скали, подови во училници и ходници во основните и средните училишта во Општината и создавање побезбедна и поуредна училишна средина.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

- **Хортикултурно уредување на доворовите во основните и средните училишта, обезбедување зелени и пријатни простори за одмор и активности.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.

- **Инсталирање на фотоволтаични панели за зголемување на енергетската ефикасност и користење обновливи извори на енергија.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, меѓународни фондови.

**Опремување на училници и кабинети со нагледни средства, унапредување на наставниот процес со современи алатки.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

**Модернизација на кабинетите во училиштата со современа дигитална опрема, дигитална трансформација за современ образовен процес.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, меѓународни фондови.

**Набавка на нови спортски реквизити, подобрување и реконструкција на спортските сали во основните и средните училишта.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

- Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

- Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

## СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПРИБИРАЊЕ ДАНОЦИ

- Во насока на поголема ефикасност, транспарентност и приближување до секој граѓанин, ќе развиеме систем за автоматизирано генерирање на решенија за данок на имот кои електронски ќе можат да се плаќаат преку Националниот портал за услуги и веб-страниците на општините. На овој начин ќе постигнеме праведно оданочување, намалување на сивата економија и зголемени приходи на Општината за самостојно финансирање на проекти.

## Е-СИСТЕМ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА РЕСУРСИ

- Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во Општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на Општината, точни и навремени податоци за работата на Општината и оптимизација на трошењето на средствата.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Визија

Прилеп да стане град на спортот и здравите навики – со модерна инфраструктура, силни спортски клубови, активни млади и граѓани кои секојдневно практикуваат спорт и рекреација.

## 1. Инфраструктура

- **Реконструкција и враќање во функција на Универзална сала.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, ИПА фондови.
- **Изградба на нова мултифункционална спортска сала (1.500–2.000 седишта) на местото од Соколана.**
- **Извор на финасирање:** Јавно-приватно партнерство, централна власт, меѓународни фондови.
- **Реконструкција на спортска сала „Партизан“- (пингпонгарска сала).**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, Министерство за спорт.
- **Изградба на нови велосипедски и пешачки патеки и збогатување со нови содржини на спортско-рекреативен центар „ЕЗЕРО“**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Реконструкција и враќање во употреба на спортски центар „Сала Македонија“ и партерно уредување на градежната парцела со поставување на дополнителни реквизити.**
- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

- **Обнова и изградба на повеќенаменски игралишта по маала.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, донатори и фондови за локален развој.
- **Фитнес-зони и спортски паркови на отворено.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, приватни компании.
- **Спортски центар „Металец" спортски терен и соблекувални, како и поставување на дополнителни реквизити и урбана опрема.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, европски фондови за спорт и локален развој, јавно приватно партнерство.

## 2. Поддршка на клубови и таленти.

- **Годишен фонд за поддршка на млади спортисти и клубови.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Стимулирање на женски спортови и млади категории.**
  - **Извор на финасирање:** централна власт и меѓународни спортски фондови.
- **Соработка со европски клубови и спортски академии.**
  - **Извор на финасирање:** Европски програми (Erasmus, спортски грантови).

## 3. Младински и училишен спорт

- **Програма „Спорт за секое дете" – бесплатни тренинзи.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **Општинска училишна лига.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, спонзорства.
- **Задолжителни активности на отворено.**
  - **Извор на финасирање:** Буџет на Општината.
- **Масовен спорт и рекреација.**

Организација на рекреативни настани („Че трчаме" велосипедски маратони, планинарски акции и др.).

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, спонзори, донатори.

➤ **Фестивал на спортот (еднаш годишно). Сите клубови, школи и здруженија да демонстрираат активности отворени за граѓаните.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, локални компании.

## 5. Спорт и здрави навики.

➤ **Спортски викенди за семејства.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, спонзори.

➤ **Здравствени програми за превенција.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 6. Иновации и одржливост

➤ **Дигитална платформа „Спорт во Прилеп“ календар на настани, упис во клубови и конкурси.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината и ИТ-компании.

➤ **Енергетска ефикасност во спортските сали.**

- **Извор на финасирање:** ЕУ-фондови, државни програми за енергетска ефикасност.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## 1. Јавно осветлување

Замена на постојните улични светилки со LED-технологија и воведување на интелигентен систем за контрола на осветлувањето.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, IPA III, ЕБОР/Светска банка.

➤ **Осветлување на приградските и руралните населени места.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, IPA III, ЕБОР/Светска банка.

## Смарт-осветлување за паркови и јавни површини.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, IPA III, ЕБОР/Светска банка.

## 2. Енергетска ефикасност во јавните објекти

➤ **Воведување систем за енергетски менаџмент во Општината.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

## 3. Обновливи извори на енергија

➤ **Поддршка за домаќинства и мали бизниси преку субвенции и советодавни услуги за поставување соларни системи и штедливи уреди.**

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт.

### Пилот-проекти за соларни паркови и биогас постројки во соработка со приватниот сектор

- **Извор на финасирање:** Јавно-приватно партнерство, централна власт, европски фондови за енергетика, меѓународни банки за развој.

## 4. Заштеда и рационализација

### Енергетски ревизии на сите јавни претпријатија и институции, под надлежност на Општината и јавни кампањи за енергетска едукација.

- **Извор на финасирање:** Буџет на Општината, централна власт, ЕУ- фондови.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## Капитални инвестиции за културата во Општина Прилеп.

- **Внатрешна реконструкција со надградба и доградба на НУ Центар за култура „Марко Цепенков".**
- **Извор на финансирање:** централна власт.
- **Комплетна реконструкција на театар „Војдан Чернодрински".**
- **Извор на финансирање:** централна власт.
- **Реконструкција и пренамена на просторот кај поранешната стара библиотека, за градска галерија и мала концертна сала за камерни состави и концерти за млади уметници од нашиот град.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Непосредна заштита на манастирот „Трескавец" Прилеп**
- **Извор на финансирање:** централна власт.
- **Ставање на културното наследство во функција на развој на Општина Прилеп со изработка на стратегија за културен туризам.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт.
- **„Реклами" – Поставување на видеобим за промоција на Општина Прилеп.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Дигитализација на културното наследство.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

- **Опремување на институциите (музеи, галерии, институт, библиотека).**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт, меѓународни фондови.
- **ВЕБ-СТРАНА и мобилна апликација за промоција на културниот туризам во Општина Прилеп.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Прилепски авантуристички патеки (Prilep Adventure Trails).**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.
- **Поставување архитектонски објект во центарот – изработка на релјеф мермер и бронза.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Амфитеатар во Варош -целолетна културна програма.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Отворање на МКЦ -Младински културен центар.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Светлосен објект „ТЕ САКАМ ПРИЛЕП“ во центарот на градот.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Промоција на археолошките локалитети со воведување на едукативни содржини.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Обезбедување простор за проби и изведби на музички уметници.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Поставување спомен-обележје во чест на „Карпалак“ во спомен собата на касарни.**
  - **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- **1. Стимулирање, поддршка и грижа за младите уметници.**
- **2. Организирање на детска ликовна колонија.**
- **3. Инклузија на деца со посебни потреби од областа на културата.**
- **4. Поддршка и афирмација на млади прилепски бендови.**
- **5. Организурање на концерти на отворено со млади музички таленти.**
- **6. Кино на отворено.**
- **7. Организирање на детска ликовна керамичка работилница.**

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

- **8. Поддршка и промоција на фестивали од меѓународен карактер:**

- Театарски фестивал „Војдан Чернодрински“; „Пиво фестивал“; Меѓународен карневал „Прочка“; Фестивал „Пеце Атанасовски“; „Мариовско-мегленски културни средби“; Детски музички фестивал „Ѕвездички“; „Прилеп џез-викенд“.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт.

- **9. Манифестации од посебен интерес на локалната самоуправа на Општина Прилеп.**

- „Поетско Маркукуле“, „Меѓународен ден на Ромите“, Меѓународна ликовна колонија „Дрен“, „Прилеп фест“; Годишни концерти и перформанси на танцови групи од локален карактер; Концерти на Културно-уметнички друштва; Помагање во издаваштво и промоции на книги на прилепски автори.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# НОВИ МАНИФЕСТАЦИИ КОИ ЌЕ ГО СТИМУЛИРААТ КУЛТУРНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

- **10. Работилница за мозаик; Фестивал „ИТАР ПЕЈО“-фестивал на стендап комедијата; „АРТ-РОК хепенинг“ – музички рок фестивал; „Графит фест“ - фестивал на графити.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **11. Градска библиотека- Дигитализација и обновување на библиотечниот фонд; обезбедување на простор со специјална заштита за чување на ретки книги; подобрување на условите во институцијата.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ – СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ПРИЛЕП!

Општината Прилеп ја става грижата за своите граѓани во центарот на своите политики. Нашата визија е јасна – да изградиме локална заедница која ќе обезбедува подеднакви можности и квалитетни услуги за сите: за најмладите, за семејствата, за возрасните и за најранливите категории на граѓани.

### Мобилност за сите

- формирање на јавен сервис за старите и немоќните лица, услуга за снабдување со основни производи и лекарства, пензионерски дружби.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

### Здравствена заштита и грижа за социјално-ранливи категории преку домашни посети и бесплатни здравствени услуги.

### Здраво и пристојно стареење - социјална услуга за помош и нега во домот.

### Внатрешна реконструкција на објектот старски дом „Киро Крстески -Платник“.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

### Социјално менторство - инклузивен модел за поддршка.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

### Топол дневен оброк за социјално загрозени лица над 65 години.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

### Еднократна парична помош за новороденчиња.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

### Дневен престој за лица со попреченост.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

### Подобрување на пристапноста и социјалните услуги за лицата со попреченост.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

### Спречување и поддршка при семејно насилство.

- Советувалиште и бесплатна правна помош; 24-часовна телефонска линија за помош; едукација и превенција; мултидисциплинарни тимови.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни фондови.

### Детска заштита преку проекти, активности, инфраструктурни подобрувања и развој на нови капацитети и услуги.

### Зголемување на еколошката одржливост и енергетската ефикасност на објектите; Поддршка и поттикнување на професионалниот развој на вработените; Поддршка на родителите и семејствата.

### Советувалиште за родители со мултидисциплинарен/ инклузивен тим од различни образовни профили и програма за работа;

### Тим за детектирање и поддршка на надарени деца.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, сопствени приходи.

### Меѓународна соработка и унапредување на кадарот.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, сопствени приходи.

### Решавање на проблемот со кучињата скитници на хуман начин со стерилизација, вакцинација и контрола на бројност за безбедни улици и заштита на граѓаните и животните.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА од кружен „Бонита“ до мост „Табана“ ,како и по цела улица на „Александар Македонски";
- Обновување на Домот во Варош;
- Изработување на тротоари, на сите поголеми улици низ Варош, онаму каде што дозволува теренот;
- Изработување на неколку летниковци во близина на манастирот „Св. Архангел Михаил";
- Реконструкција и уредување со нови детски содржини во паркот на револуција;
- Огледала на раскрсница на ул. „Кузман Јосифоски" со „Егејска";
- Улично осветлување во „Точила“ меѓу сите К згради;
- Санација на тротоарите на ул. „Александар Македонски" од раскрсница „Чумовчанец“ према фабриката „11 Октомври“;
- Санација на коритото на Градска Река од страната на Чачорица и пробивање на улицата „Кеј 9 Септември“ према Сточен пазар;
- Изградба на пешачко мовче на Градската Река за поврзување на населбата Чачорица со населба Бончејца;
- Кружен-тек кај раскрсница „Димо Наредникот“;
- На Маркови Кули на местото „Бадемчиња“ да се засадат садници од бадем и да се наместат и клупи;
- Партерно изведување на тротоар од двете страни на ООУ „Гоце Делчев“ односно на ул. „Радовишка“ и ул. „Мечкин камен“.
- Воведување линии од Градски превоз во населба Тризла;
- Обнова на детскиот парк кој се наоѓа на почетокот на ул. „Дебарца";
- Туризам со одредени рути до Трескавец и црквите на Варош со лиценциран локален водич;
- Трговски центар со светски брендови и големи трговски ланци;
- Нула толеранција за малолетни во ноќни клубови и продажба на алкохол; Поголема присутност на реонски полицајци;
- Комплетно чистење на Градска Река;
- Нов театар;
- Светлосен објект „ТЕ САКАМ ПРИЛЕП“ во центарот на градот;
- Промоција на културните наследства на градот;
- Рекунструкција на старата чаршија, да прерасни во културна туристичка зона;
- Казни за несоодветно чување и напуштање миленичиња;
- Отстранување на хаварисани возила од улици и тротоари;
- Уредување на паркот кај Судот;

- Да се изгради спортска сала;
- Прилепско Езеро да се претвори во туристичка дестинација;
- Поправка на клупите во парковите и во музичкиот парк;
- Отворање на детски центар со паркови површини и реквизити за деца со потешкотии;
- Уредување на дрворедите низ цел град;
- Да се стави во функција пазарчето во Точила;
- Партерно уредување на Градска Река со патеки за движење и клупи;
- Ослободување на тротоарите за слободн движење на пешаци;
- Помошни фудбалски игралишта накај патот за Волково и Прилепец;
- Оградување на тротоарите со банкини;
- Предновогодишен базар;
- Модернизација и дигитализација на градските автобуски постојки;
- Пат Беловодица –Тројаци – рехабилитација;
- Приспособување на комплекс Маркови Кули (базен, тениски игралишта, фудбалски игралишта и атлетски патеки).